**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.*12210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
*www.probistip.gov.mk  info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр. 10–448/8  од  01.11.2023 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 50 став (3), (4) и (5) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ"бр.32/20 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2023 година со Одлука Број 26-1072/16 од 24.11.2022 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.12/2022 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е - П О В И К
## за спроведување на Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, Општина Пробиштип

### Член 1

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира **Јавна презентација и Јавна анкета** по **Нацрт план за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 03-70/23, Октомври 2023, Скопје, изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги ДООЕЛ „НИМАЕР“- Струга - д.е. Скопје.

### Член 2

Опфатот на **Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, Општина Пробиштип**, се наоѓа во западниот дел на градот.

Според планската програма за горенаведениот Детален урбанистички проект, планираниот плански опфат изнесува **П=4.40 ха**.

Границите на планскиот опфат се:

- Од северна страна осовината на сервисната улица "Славко Баев";
- Од источната страна осовината на собирната улица "Јордан Стојановски";
- Од југозападната страна ја сече КП Бр.975/1, продлжува по југозападната страна на КП Бр.975/1 и КП Бр.735/3, па скршнува кон североисток по северозападната страна на КП Бр.735/3, па продлжува по осовината на сервисната улица "Цветко Тонев";
- На северозападната страна ја сече КП Бр.606 и граничи со КП Бр.732/1.

Намената на земјиштето во проектниот опфат на овој ДУП е во согласност со ГУП на град Пробиштип.

Планската документација е изработена во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ„ број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ, број 225/20). Површината на планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан опфат 14.2 е дефинирана со Генералниот урбанистички план за град Пробиштип

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12*210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
***Одделение за урбанизам***

за плански период 1995-2005 година со Одлука бр.08-335/2 од 03.10.1997 год.( Службен гласник на Општина Пробиштип, бр.9/1997 год.).

**Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан опфат 14.2, Општина Пробиштип,** е со предвидена класа на намена на земјиштето согласно планските одредби на ГУП на Град Пробиштип, согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ” бр.225/20 год.), со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно истиот правилник.

Согласно параметрите зададени со горенаведените важечки планови од повисоко ниво - ГУП на Град Пробиштип, каде се дефинирани групите на класи на намени, во **Детален Урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан опфат 14.2, Општина Пробиштип**, потребно е да се планираат наменски зони и градежни парцели со следниве класи на намени и поединечни намени:

- А1 -ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ
    - А1.1 - Станбени куќи – слободностоечки
    - А1.2 - Станбени куќи со споен зид на меѓа – двокуќи

- А2 -ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ
    - А2.1 - Станбени згради – слободностоечки блокови и кули

- Б - КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ
    - Б2 –Големи единици за трговија
    - Б3 - Големи единици за угостителска дејност
    - Б4 - Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради
    - Б5 – Хотели и хотелски комплекси

- В - ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ И ИНСТИТУЦИИ
    - В3 – КУЛТУРА
    - В3.3 – Музеи, музејски комплекси, специјализирани музеи (Археолошки музеј, Музеј на минеролошка збирка)
    - В3.6 -Дом на култура

- Д – ЗЕЛЕНИЛО,РЕКРЕАЦИЈА И МЕМОРИЈАЛНИ ПРОСТОРИ
    - Д1 – Парковско и пејсажно зеленило
    - Д3 –Спорт и рекреација на зелени површини

- Е – ИНФРАСТРУКТУРИ
    - Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури
    - Е1.1- Сообраќајна инфраструктура,
    - Е1.8 – Трафостаници

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.12*210 Пробиштип
*Тел.:**032/483-131**; факс:**032/483-047***
[www.probistip.gov.mk](http://www.probistip.gov.mk) [info@probistip.gov.mk](mailto:info@probistip.gov.mk)
***Одделение за урбанизам***

со можност за вградување на алтернативност, компатибилност и комплементарност на намените согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“, број 225/20 и 219/21).

Цел на Деталниот урбанистички план е и дефинирање на рационална сообраќајна (секундарна) инфраструктура - улична мрежа и пристапи до единиците на градежното земјиште, формирани во рамките на планскиот опфат.

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
**со стручно презентирање на**

**Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 03-70/23, Октомври 2023, Скопје, изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги ДООЕЛ „НИМАЕР“- Струга - д.е. Скопје, ќе се одржи на ден **12.12.2023 год.** (вторник), со почеток во **12.00** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

## ЈАВНА АНКЕТА

**По Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, Општина Пробиштип**, со Тех.Број 03-70/23, Октомври 2023, Скопје, изработен од Друштво за градежништво, трговија и услуги ДООЕЛ „НИМАЕР“- Струга - д.е. Скопје, ќе трае **30** (триесет) **дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **18.11.2023 год.** до **17.12.2023 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Нацрт планот за Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан Опфат 14.2, Општина Пробиштип, ќе биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, објавен во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со горенаведениот план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска диа — JORDANKA DUKOSKA — Digitally signed by JORDANKA DUKOSKA Date: 2023.11.02 13:00:01 +01'00'
Одобрил: Б.Станојковски дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski — Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2023.11.02 13:06:00 +01'00'

**м.п.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник,**
**Драган Анастасов**

Dragan Anastasov — Digitally signed by Dragan Anastasov DN: c=MK, 2.5.4.97=VATMK-4022005104678, o=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, givenName=Dragan, sn=Anastasov, serialNumber=CRT3610937, cn=Dragan Anastasov Date: 2023.11.02 13:56:30 +01'00'